## Опис на работни задачи за ангажирање на надворешна ексертиза за дијагностика на младинското вработување и организациската култура во Пелагонискиот регион

Во рамките на проектот „Од младинско зајакнување кон институционална сопственост ПЕЛО / Transitioning Pelagonia's Youth Empowerment to Local Ownership PELO" – финансиран од Амбасадата на Кралството Холандија во Р. Северна Македонија, организацијата Про Локал ги поканува сите заинтересирани лица да достават потребни документи согласно со постапката за избор на надворешна ексертиза за дијагностика на младинското вработување и организациската култура во Пелагонискиот регион.

**А. Основни податоци за проектот**

**Носител на проектот:** ЗГ Про Локал – Битола

**Главна цел на проектот:**
Да се поттикне системска промена во Пелагонија преку премин од проектно водени активности кон локални, сопствени и одржливи механизми, со цел овозможување на младите активно да учествуваат во управувањето, во значајна вработеност и во влијателни локални акции — обезбедувајќи долгорочна инклузивност и отпорност на заедницата.

**Краток опис на проектот:**
**Проектот PELO (2025–2027)** претставува трета фаза од долгорочните напори на Про Локал за јакнење на младите во руралните општини на Пелагонија. Проектот се надоврзува на претходните успеси – воспоставување младински совети, нови локални младински здруженија и Регионална младинска платформа – кои остануваат кревки без посилна институционална поддршка. PELO одговара на овие предизвици преку вградување младински услуги и учество во локалното управување, јакнење на младинските организации и создавање структурирани партнерства со бизнис-заедницата.

Клучни компоненти се:

- **Отворање Младински центри** во 7 рурални општини, ко-управувани од здруженија и општини, со транспарентно финансирање и партиципативно планирање.
- **Јакнење на капацитетите на младите и на граѓанскиот сектор**, за тие самостојно да водат програми и да ко-креираат политики со општините.
- **Поврзување на младите со бизнис секторот** преку менторства, практикантства и Регионален младински бизнис форум, за справување со високата младинска невработеност и миграција.
- **Видливост и промоција на младите** преку континуирана дигитална кампања, раскажување на младински приказни и регионални настани што ги претставуваат младите како активни чинители во развојот на заедницата.

До крајот на проектот, Пелагонија се очекува да стане **модел за инклузија на руралните млади**, каде што општините, младинските организации и компаниите заеднички ќе создаваат политики и практики што им даваат на младите реално влијание, можности и причини да останат и да напредуваат во своите заедници.

**Финансиран од: Амбасадата на Кралството Холандија во Р.Северна Македонија, програма МАТРА**

**Времетраење на проектот:** од 15.07.2025 до 15.07.2027

**Б. Опис на работни обврски на правното/физичкото лице**

Целта на ангажманот на надворешниот експерт е да спроведе фокусирана, применлива и секторски ориентирана дијагностика на младинското вработување во Пелагонискиот регион, со цел да се идентификуваат реалните организациски, културолошки и комуникациски фактори кои влијаат врз вработувањето, задржувањето и професионалниот развој на младите лица во приватниот сектор.

**Конкретно, правното/физичкото лице треба да**:

1. Идентификува до пет (5) клучни приватни сектори кои имаат водечки или значаен удел во вработувањето на млади лица во Пелагонискиот регион, врз основа на статистички податоци, теренска проценка и консултации со релевантни чинители.
2. Анализира организациски практики и работна култура кај најмалку 25 компании од клучните сектори (најмалку 25 одговорени прашалници)
3. Интервјуира најмалку 5 раководни лица од HR одделите во компании од идентификуваните сектори, со фокус на начинот на воведување во работа на млади вработени, стиловите на комуникација и партиципативно компаниско одлучување, менторството, очекувањата и системите за поддршка.
4. Ги документира искуствата, перцепциите и предизвиците на младите лица во нивните први работни ангажмани, особено во првите 3–6 месеци од вработувањето.
5. Идентификува точки на несовпаѓање помеѓу очекувањата на младите и практиките на работодавачите, кои придонесуваат за ниска мотивација, краткорочно вработување и висока стапка на напуштање на работното место.
6. Генерира многу конкретни, применливи и проектно-реалистични препораки кои ќе се користат за дизајн на:
   - обуките за меки вештини кој што ќе се применуваат во Активност 10 од проектот,
   - менторските и практикантските програми кој што ќе се применуваат во Активност 11 од проектот
   - содржината и дискусиите на Регионалниот младинско-бизнис форум кој што ќе се применуваат во Активност 12 од проектот

**Во рамки на ангажманот, надворешниот експерт ќе ги испорача следните клучни оутпути, кои се директно поврзани со дефинираните задачи:**

**1. Анализа на младинското вработување и организациската култура во приватниот сектор во Пелагонискиот регион** (еден консолидиран документ, до 25 страници, А4 формат, Calibri фонт 12 големина со проред од 1.5), во која треба да:

- опфати анализа на 5 клучни сектори за младинско вработување преку анализа на најмалку 5 компании (со можност одредени сектори да бидат застапени со повеќе компании),

- ги обработи искуствата на младите во првите 3–6 месеци од вработување,
- ја анализира организациската култура, комуникацијата и практиките за работа со млади,
- ги идентификува точките на несовпаѓање млад–работодавач,
- прикаже добри и слаби практики по сектори и/или типови компании.
- конкретни и применливи препораки за развој на:
    - менторски и практикантски програми по сектор кој што ќе се применуваат во Активност 11 од проектот,
    - содржини за обуките за меки вештини за млади кој што ќе се применуваат во Активност 10 од проектот,
    - насоки за дискусија на Регионалниот младинско-бизнис форум кој што ќе се применуваат во Активност 12 од проектот.

Анализата треба да биде:

- аналитичка, но со практична вредност,
- јасна и стилски неакадемска,
- ориентирна кон примена во проектни активности**.**

**Согласно горе наведениот опис, правното/физичкото лице ќе треба да достави:**

**1. Кратка методолошка белешка (до 2 страници во кои)**

- го опишува пристапот кон анализата,
- го појаснува секторскиот фокус (до 5 сектори),
- го дефинира изборот на најмалку 7 компании,
- ги наведува користените методи (интервјуа / фокусирани разговори).

**В. Услови за пријавување:**

**Општи квалификации:**

- Искуство со соработка со работодавци, комори, општини, АВРМ
- Исксутво во изготвување на анализи

**Специфични квалификации:**

- Најмалку 2 договори слични на предметот на набавка
- Најмалку еден експерт (вработен или ангажиран со Договор за дело за правните лица)
- Искуство во најмалку една од следниве области: истражувања на пазар на труд и млади, HR консалтинг/развој на човечки ресурси, организациска дијагностика (култура, ангажираност, лидерство, retention), анализа на политики или локален економски развој.

**Г. Дополнители информации**

**Временска рамка за реализација на ангажманот:**

Временска рамка на спроведување на активностите е од 20.02.2026-20.06.2026

Понудата треба да вклучува изготвување на анализа, патни трошоци, состаноци и работни денови за експертот

**Д. Заинтересираните кандидати треба да достават:**

- ПРИЈАВА во слободен формат со потпис од овластено лице и печат (за правно лице) или од експертот што се пријавува
- Предлог методолошка белешка
- Тековна состојба на добавувачот не постара од една година (за правни лица)
- Доказ за работно искуство согласно бараните квалификации : најмалку 2 Договори слични на предметот на набавка
- Биографија на експертот
- Потпишана изјава за достапност на експертот во периодот за реализација
- Финансиска понуда изразена во МКД без вклучен ДДВ

** Сите евентуални трошоци околу прибирање и поднесување на потребната документација за учество на овој повик ги сноси понудувачот*

Кандидатите ќе бидат евалуирани од страна на Комисија за евалуација при Про Локал, врзоснова на претходно воспоставените критериуми наведени во делот В кои се исклучувачкикритериуми и ќе бидат бодувани на следниот начин:

- Општи квалификации = 10 бода
- Специфични квалификации = 20 бода
- Методолошка белешка = 40 бода
- Финансиска понуда = 30 бода

**- Апликациите треба да се доставуваат/испратат по пошта до канцеларијата на ПРО ЛОКАЛ на ул.Раде Илиев бр.5/7, Битола**

**Лице за контакт:** Кристина Талевска; coordinator@prolocal.mk; 078 269 022

**- Краен рок за доставување на понудата е 10.02.2026 до 16 часот во затворен плик, со назнака на бројот на тендерот и податоци за добавувачот**

**- Временска рамка за одлучување по јавниот тендер:** во рок од 10 дена по завршување на јавниот повик.

Битола,

28.01.2025

Претседател на ЗГ Про Локал

Емилиа Ѓероска